ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-930
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

Врз основа на член 28 став 4 и член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на Република Северна Македонија „ бр. 32/2020, 111/2023,171/2024 и 224/2024) Градоначалникот на Општина Чешиново- Облешево упатува

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 22-1331/7
15.11 2024 год.
ОБЛЕШЕВО

П О В И К

за учество во јавна презентација и јавна анкета по
Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново
со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново,
Општина Чешиново-Облешево
Плански период 2024-2034 Предлог на УПС

Повикот за учество во јавната презентација и јавна анкета се упатува до сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот , подрачјата соседни на планскиот опфат , широката јавност , претставници на стручната јавност, претставници на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот опфат.

Предмет на јавната презентација и јавната анкета е **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, Општина Чешиново-Облешево Плански период 2024-2034 Предлог план** Со тех. бр. 17/2024 од октомври 2024, изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје.

Јавната анкета ќе трае 35 дена , а ќе се спроведе во периодот од **05.12.2024г. до 08.01.2025г.**, во кој рок може да се доставуваат забелешки и предлози од учесниците на јавната анкета и презентација, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам и по електронски пат до веб страната на општината web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk , e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk , и во писмена форма со доставување на анкетни листови преку архивата секој работен ден од 9-14 часот, кои можат да се добијат од архивата или од веб страната на општината .

Јавната презентација ќе трае еден работен ден, а ќе се одржи на **10.12.2024г.** (четврток), со почеток во **12^{30}** часот , во просториите на Општина Чешиново – Облешево, сала на советот.

Графичкиот прилог на предлог планот ќе биде изложен во просториите на општинската зграда во с. Облешево и на веб страната на општината.

Опфатот на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево е сместен во југозападниот дел на селото и ги зафаќа Блок 5 и Блок 13 дефинирани со

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-930
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

постојниот Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево (2017-2027).

Границите на опфатот се совпаѓаат со границите на **Блок 5 и Блок 13** дефинирани во постоечкиот Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево:

Границите на **Опфат 1** се совпаѓаат со границите на **Блок 5** дефиниран во постоечкиот Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево за 2017- 2027 (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.):

- на **север** границата се протега по осовина на сервисната улица "Се-2" или "Наум Наумовски Борче" (планирани според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на **запад** границата се протега по осовината на станбената улица "Ст-10" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на **југ** границата се движи по осовината на станбената улица "Ст-9" или "Вангел Стоилов" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општинаЧешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на **исток** границата се движи по осовина на станбената ул. "Ст-8" или "Вангел Стоилов" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);

Според опишаните граници површината на планскиот опфат на **Блок 5** изнесува: **2.59** ха

Границите на **Опфат 2** се совпаѓаат со границите на **Блок 13** дефиниран во постоечкиот Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево за 2017- 2027 (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.):

- на **северозапад** границата се протега по осовините на сервисната улица "Се-2" или "Наум Наумовски Борче" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на **запад** границата се движи по осовината на ул. "Ст-3" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на **југ** границата продолжува да се движи по осовина на станбена улица "Ст-4" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново- Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на **исток** границата се движи по осовина на станбена ул. "Ст-2" (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);

Според опишаните граници површината на планскиот опфат на **Блок 13** изнесува: **3.64** ха

Градоначалник,
Далибор Ангелов

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-930
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk



